- По однос на **заштита од природни непогоди**, објектите треба да се изградат согласно важечките технички прописи од соодветните области. По однос на **технолошките непогоди**, треба да бидат превземни сите мерки за заштита со изработката на проектите и примената на соодветната технологија.
- Согласно Законот за **заштита и спасување** (Сл.весник на РМ бр. 36/04), во процесот на просторно и урбанистичко планирање и проектирање се води сметка за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на појава на пожари. Согласно кон изнесеното предвидени се следните Плански мерки за заштита од пожар:

  -Сообраќајното решение и начинот на кој треба да се предвиди изграба на објектите треба да овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни. Сообраќајниците се со доволна ширина и со задоволувачки осовински притисок што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила.

  -Во Струга се наоѓа противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Времето кое е потребно за пристигнување на противпожарното возило е околу 5 минути до секој објект во рамките на опфатот на градот.

  -Потребно е да се предвидат надземни и подземни пожарни хидранти за снабдување на противпожарните возила со вода за гасење.
- Во Класата на намена Д2 можи да се предвидуваат само излези на сообраќајници.
- Во Класите на намена Д1 и Д2 не смеат да се изведуваат објекти на Бензински пумпни станици дадени во прилогот сообраќај како Зоните на бензински пумпи.

5.16. ПОСЕБНИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Блок 1

Класи на намени: Во блокот се планираат намени за сервисни дејности (Г5), Големи трговски единици (Б2), Комунална инфраструктура -Гробишта (Г5), Инфраструктура (Г5), и заштитно зеленило (Д2).

Природа на зафат: Се планираат нови градежни зафати.

Зеленило: Процент на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 20%

Паркрање: Паркирањето-гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и во јавни паркинзи.

Други услови: Алтернативните класи на намени дадени во табелата да не надминат 30% од основните класи на намени.

Други услови: Висините на градбите, процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (78/2006.


Паркрање: Паркирањето-гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и во јавни паркинзи.
Други услови: Во сингуларна намена плажи не можи да се предвидуваат други класи на намени. Можно е поместување на урбана опрема во функција на плажата (сонцобрани, тенди, гардероби, спортски реквизити и слични плажни содржини)
Други услови: Алтернативните класи на намени дадени во табелата да не надминат 30% од основните класи на намени.
Други услови: Висините на градбите, процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (78/2006.
Други услови: Да се почитуваат и применуваат **мерки и режими за заштита дефинирани во Изводот од заштитно конзерваторски основи за Генералниот урбанистички план на град Струга.**
Блок 28

Класи на намени: Се наоѓа во источниот крајбрежен дел на градот Струга. Во блокот се планираат планираат намени за сервисни објекти (Г), Јавни објекти (В) и зеленило спорт и рекреација (Д)Во овие намени треба да се планираат простори за плажи спорт и рекреација

Природа на зафат: Се планираат нови градежни зафати.
Зеленило: Процент на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 40%
Паркрање: Паркирањето-гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и во јавни паркинзи.
Други услови: Во сингуларна намена плажи не можи да се предвидуваат други класи на намени. Можно е поместување на урбана опрема во функција на плажата (сонцобрани, тенди, гардероби, спортски реквизити и слични плажни содржини)
Други услови: Алтернативните класи на намени дадени во табелата да не надминат 30% од основните класи на намени.
Други услови: Висините на градбите, процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (78/2006.
Други услови: Да се почитуваат и применуваат **мерки и режими за заштита дефинирани во Изводот од заштитно конзерваторски основи за Генералниот урбанистички план на град Струга.**
Блок 30

Класи на намени: Се наоѓа во атарот на населеното место Мороишта, северно од Струга. Во блокот се планираат планираат намени за Производство дистрибуција и сервисни објекти (Г),

Природа на зафат: Се планираат нови градежни зафати.
Зеленило: Процент на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 20%
Паркрање: Паркирањето-гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и во јавни паркинзи.
Други услови: Алтернативните класи на намени дадени во табелата да не надминат 30% од основните класи на намени.
Други услови: Висините на градбите, процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (78/2006.



PRO-ENGINEERING
Про-Инжинеринг
Градски пазарен кат лок бр.20 Тетово
Tregu-i-qytetit-no kat lok nr.20 Tetov 8
Musa Mustafa 070 240 207

SHOQATA PËR PROJEKTIM, PLANIFIKIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, PLANNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE


ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
за формирање на градежна парцела за изградба на комплекс од градби со намена Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија ,на КП 960/1, КО Мороишта, општина Струга

ЛЕГЕНДА :

U-1.1 - Граница на проектен опфат=3226.17 м2

N

ПЛАНИРА:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО - ТЕТОВО	УПРАВИТЕЛ: Нермин Мустафи; лиценца за проектирање бр.П339/А; лиценца за урбан.планови бр.0056
НАРАЧАТЕЛ:	Муса Шемшедини	РЕВИЗИЈА:
ДОНЕСУВАЧ:	Општина Струга	
ПЛАН:	ПРОЕКТНА ПРОГРАМА за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	
ПРИЛОГ:	Пошироко опкружување	
ПЛАНЕР: дипл.инж.арх. Елена Арсов овластување бр. 0362	СОРАБОТНИЦИ: дипл.инж.арх. Елена Арсеска овластување бр. 0362; дипл.инж.арх. Мирјеме Ферати	ИНФРАСТРУКТУРА: д.а.и. Муса Муслија
		РАЗМЕР М = 1:5000; ТЕХНИЧКИ БР. 04-49/2022; ДАТА јули, 2023; ПРИЛОГ бр: 01



PRO-ENGINEERING
Про-Инжинеринг
Градски пазарен кат.лок бр.20 Тетово
Tregu-Kat.lok nr.20 Tetov 8
Musa Mustafa 070 240 207

SHOQATA PËR PROJEKTIM, PLANIFIKIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, PLANNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
за формирање на градежна парцела за изградба на комплекс од градби со намена Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија ,на КП 960/1, КО Мороишта, општина Струга

ЛЕГЕНДА :

U-1.1 - Граница на проектен опфат=3226.17 м2

ЛЕГЕНДА		
Опис на детали		Забелешка
----	20м од Проектен опфат	
	Проектен опфат	
	Објекти	
	Асфалтиран пат	
	Банкина	
	Состојба според катастар	
	Фактичка состојба охридско езеро	
	Далековод	
	Висински Точки	
	Правец на жици	

ПОДЛОГА ЗА АЖУРИРАЊЕ

Теренска снимка на фактижчка состојба на просторот

РАЗМЕР P=1 500

Гео Сурвеј Цила - Струга
Друштво за геодетски катастарски услуги и Инженеринг
Струга ул.Муртеза Татар бр.4/3

	Катастарска општина Струга	
Плански опфат	За изработка на Урбанистичка - планска документација	Дел.бр. 0704-057/3 од 16.07.2021
Работен тим	Куџим Цила дип.геод.инж	овластен геодет Струга 18.03.2022

N

ПЛАНИРА:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО - ТЕТОВО	УПРАВИТЕЛ: Нермин Мустафи лиценца за проектирање бр.П339/А: лиценца за урбан.планови бр.0056
НАРАЧАТЕЛ:	Муса Шемшедини	РЕВИЗИЈА:
ДОНЕСУВАЧ:	Општина Струга	
ПЛАН:	ПРОЕКТНА ПРОГРАМА за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	
ПРИЛОГ:	Ажурирана геодетска подлога со граница на плански опфат	
ПЛАНЕР:	дипл.инж.арх. Елена Арсов, овластување бр. 0362	СОРАБОТНИЦИ: дипл.инж.арх. Елена Арсеска, овластување бр. 0362; дипл.инж.арх. Мирјеме Ферати
ИНФРАСТРУКТУРА:	д.а.и. Муса Муслија	РАЗМЕР М = 1:1000; ТЕХНИЧКИ БР. 04-49/2022; ДАТА ноември, 2022; ПРИЛОГ бр: 01

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Постојната намена на просторот кој е предмет на уредување на овој УП е неизградено земјиште. Површината на проектниот опфат изнесува 3226.20 м^2.
Од сообраќајната инфраструктура во западниот дел опфатот се граничи со постојна улица. Од комуналната инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје добиени се податоци со тех бр.10-26/6-303 од 23-11-2022 год,со кои се потврдува дека во дадениот опфат нема постојни инсталации во сопственост на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје. Со дописот добиен од Македонски Телеком-АД Скопје со тех.бр.47367 од 22.11.2022 и АЕК со тех.бр 1404-3306/2 од 24.11.2022 се дава потврда дека во рамки на проектниот опфат постои телекомуникациска мрежа.Со дописот со бр.15-3317/2 од 23.11.2022год,НЕРм потврдува дека на проектниот опфат нема изградено ниту планира изградба на гасоводна мрежа.Исто така и Мепсо со допис бр.11-6527/1 од02.12.2022г потврдува дека предметниот офат не се пресеува со ЕЕ објекти кои се во нивна сопственост.
Согласно дописот со Бр. 13-190/2 од 13.02.2024 од НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД,предвидениот проектен опфат се наоѓа во **III д заштитна зона**(урбани опфати надвор од градот и надвор од селата.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ

Проектниот опфат на овој УП во западниот дел се граничи со постојна улица,во источниот дел со регионалниот пат а во јужниот и западниот дел со останатиот северниот дел со КП 963,КП962 и КП 961 и на исток и југ со КП960/3.
Површината на проектниот опфат изнесува 3226.20 м2 и истиот е даден табеларно со детални точки со координати во X и Y правец.

	X	Y
1	7473512.39	4562216.18
2	7473508.41	4562226.14
3	7473505.38	4562235.29
4	7473484.99	4562235.85
5	7473479.80	4562236.52
6	7473481.34	4562224.47
7	7473485.97	4562193.83
8	7473487.09	4562186.32
9	7473520.80	4562192.13
10	7473615.71	4562217.22
11	7473611.82	4562233.53
12	7473608.51	4562232.80
13	7473573.23	4562224.48
14	7473546.40	4562219.67
15	7473528.94	4562214.57
16	7473515.82	4562207.39

Проектниот концепт е поставен врз основа анализа на просторот, анализа на можностите за просторен развој и Проектната програма. Проектниот концепт е во директна зависност од големината на проектниот опфат, природните фактори, конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Проектниот концепт е условен и од мерките за заштита и спасување.
Просторот нема посебни пејсажни вредности и претставува претежно рамничарски терен. Целта е да се создадат услови за изградба на објекти со поединечна намена Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија,согласно потребите на инвеститорот и стандардите за урбанистичко планирање.

3.1. Опис на основната класа на намена на градбата во градежната парцела
Во рамките на проектен опфат се оформува една градежна парцела со четири површини за градење и тоа:

- **Градежна парцела 1** со основна класа на намена Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и поднична намена на градбите Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија

За градбите со поединечна класа на намена Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија предвидени се и компатабилни класи на намена на основната класа на намена, согласно член 82 став 4 од Правилникот за урбанистичко планирање(Сл. весник на РСМ 225/20, 219/21 104/22,99/23, 07/25 , 143/25 и 241/25) и тоа:Б1.1-Продавници за мали прибори,опрема,делови и потреби за домаќинство, Б4.1-Деловни згради со канцеларии,Г4.1-Затворени складишта-магацини, со најмногу 40% од основната класа на намена.

3.2. Нумерички показатели за урбанистички параметри за проектниот опфат согласно ГУП за Струга

Max. катност	Коеф.на искористеност	Max. висина (м)	Зеленило	Намена.употреба на зем.и град.согласно ГУП
согласно Правилник за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти 78/2006			најмалку 20%	Г-Прозиводство,дистрибуција и сервиси; Г2-Лесна индустрија

3.3. Нумерички показатели за градбите во градежните парцели и градбите во проектниот опфат

Бр. на ГП	Површина на Г.П. (м2)	Бр. На објект	Класа на намена на градбите	Max.површина за градење (м2)	Вкупно изградена површина (м2)	Max висина	Max. катност	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност	Планиран бр.на паркинг места	Површина на зеленило(%)	кота на нулта плоча
1	3226.20	1	Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија	420.75	631.13	8.0м	П/П+1	32.41	0.39	10леки возила+ 3 камиони= 13вкупно	780м2 (24%)	693.50
		2		300.00	300.00	6.0м	П					
		3		300.00	300.00	6.0м	П					
		4	Е1.8-Локална трансформаторска станица	25.00	25.00	4.0м	П					
ВКУПНО				1045.75	1256.13							

3.4. Сообраќај

Како пристапен пат за ГП 1 ќе се користи постојната асфалтирана улица.Потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во рамките на опфато.Согласно член 134,став 1 од Правилникот за урбанистичко планирање(Сл. весник на РСМ 225/20, 219/21 104/22,99/23, 07/25 , 143/25 и 241/25) за градбите со група на класа на намена Г-производство,рударство,енергетика и индустрија,потребниот број на паркинг места се утврдува во процесот на донесување или спроведување на урбанистички план,во зависност од конкретната намена на градбата,начинот на производсто,бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизација на производниот процес,оддалеченост на живеењето на вработените,постоење на јавен превоз на вработените,водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај-службен,индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната класа на намена на градбата-да се обезбедат во рамки на градежната парцела,а во конкретниот случај потребно е купно 10 паркинг места за леки возила и 3 паркинг места за камиони-вкупно 13.

3.5. Озеленување

Во графичкиот дел од УП е прикажана површината за градење ограничена со градежни линии во која може да се гради градбата, а останатиот дел од градежната парцела да се уреди хортикултурно со зелени површини (тревнати површини со ниско и високо зеленило). Процентот на озеленетост да изнесува најмалку 20% од градежната парцела согласно Законот за урбано зеленило(“Сл.Весник на РМ бр11/18),член 20 и Правилникот за за урбанистичко планирање(Сл. весник на РСМ 225/20, 219/21 104/22,99/23, 07/25 , 143/25 и 241/25) член 171,во конкретниот случај процентот на озленетост изнесува 24%.

3.6. Основни водови на инфраструктурата

Трасите и профилите на основните водови на инфраструктурата се превземени од добиените податоци од институции, објектите и водовите на внатрешниот развод на сите комунални инграструктура.

3.6.1. Водоснабдување

За просторот кој е предмет на овој УП, Ј.П Проаква-Струга нема доставено податоци но од увидот на лице место се констатира дека долж постојната асфалтиран улица постои изградена водоводна градска мрежа и се планира приклучок кон истата.

3.6.2. Фекална канализациона мрежа

Изградена фекалната канализациона мрежа нема па затоа ќе се користи септичка јама.

3.6.3. Атмосферска канализациона мрежа

Изградена атмосферска канализациона мрежа нема па затоа поради конфигурацијата на теренот атмосферската вода гравитачно ќе бидат одведени кон реципентот-река.

3.6.4. Електроенергетска инфраструктура

Согласно податоците добиени од Електродистрибуција Скопје ДООЕЛ во рамки на планскиот опфат нема изградена електроенергетска мрежа.За таа цел се планира површина за трафостаница ,чија моќност ќе се дефинира со соодветна проектна документација во договор со надлежната институција.

3.6.5. Телекомуникациска инфраструктура

Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот канцеларија - телефон, а за јавните содржини се определува према нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл.
Самото приклучување во постојната телефонска мрежа на планираните телефонски корисници ќе се изврши со приклучок до постојните телекомуникациски инсталации во согласност со Македонски Телеком АД-Скопје, работна единица – Струга.

4. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

4.1. Градежна парцела

Планираната градежна парцела се наоѓа во III д заштитна зона(урбани опфати надвор од градот и надвор од селата.

Забранети активности во заштитната зона III-д:
• интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат;
• изградба објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 40%;
• реконструкција на легално изградените станбени објекти во постојниот габарит;
• други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Надвор од градските подрачја (надвор од опфат на ГУП), со исклучок на крајбрежниот појас, во согласност со насоките и критериумите утврдени во Просторниот план на Охридско- преспанскиот Регион, може да се планираат:

- инфраструктурни градби (првенствено со користење на постојните траси и коридори за да се заштитат шумите и земјоделското земјиште, односно уништувањето на интегритетот на природните структури создадени од човекот со задолжително изработувањеа Стратегија за оцена на влијанието врз културното наследство);
- активности кои ќе ги подобрат условите за живеење и стопанисување преку ревитализација на руралните населби преку принципот на интегрален развој и потребите на селскиот и екотуризам (во согласност мерките на заштита и со претходна согласност од надлежните институции);
- реконструкција на легално изградени станбени објекти во постојниот габарит.

При градењето надвор од градските подрачја не се дозволува:

- формирање нови населби на неизграден простор (простор кој ја опфаќа заштитната зона 2- б во делот за природно наследство);
- зафаќање на крајбрежниот појас од Охридското Езеро;
- користење на квалитетно земјоделско земјиште со негова пренамена во градежно земјиште за градење со пренамена;

На планинските и водените површини активностите ќе се одвиваат исклучиво во функција на ограничено и контролирано економско искористување на природните ресурси (шумарство, лов, рекреација и екотуризам).

Генерално гледано, мерките за заштита во крајбрежјето на Охридското Езеро ќе обезбедат трајно зачувување на природните и на културните вредности и ќе спречат значајни промени на тие вредности преку следните активности:

природните обележја на околниот простор и традиционалната архитектура;
• штитење на значајните визури од градење на големи градби;
• планирање на трасите од инфраструктурата (патишта и сл.) ќе биде долж природната релјефна морфологија на теренот, а доколку се потребни поголеми морфолошки промени (насипи, засеци и сл.) се препорачува градежните елеменети да бидат одвоени од теренот за да се обезбеди целовитост и споеност со пределот;
• типологијата, габаритот и висината за изградба на угостителско-туристички како и објекти за одмор и рекреација надвор од населените места ќе се одредуваат врз основа на анализа на визуелната поставеност и вклопеност во постојното природно опкружување.
• зачувување на природниот амбиент и спречување пренамена и заземање на овие простори за градежни активности кои би го нарушиле крајбрежниот пејзаж;
• спречување на градежното зафаќање на релјефни возвишенија, доминантни места каде со изградбата на објекти ќе се наруши крајбрежниот пејзаж; погледите од панорамските видиковци во голема мера го подобруваат разбирањето на карактерот, поставеноста и општиот изглед на доброто;
• изградба на објекти надвор од границите на градските подрачја ќе биде со контролиран габарит; при обликувањето на градбите ќе се користат материјали и бои приспособени на

Доколку при реализација на Урбанистичкиот проект се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член член 65 од Законот за заштита на културното наследство(„Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 3/25);, односно веднаш да запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Во рамките на проектниот опфат се оформува една градежна парцели:

- **Градежна парцела 1** со поедначна намена на градбите Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија со површина од 3226.20 м2 и вкупно 4 објекти и тоа:

- **објект 1**-производна хала со администрација со максимална површина за градење од 420,75 м2, вкупно изградена површина од 631,13 м2, максимална височина од 8,00м и максимална катност П/ П+1,
- **објект 2**-магацин со максимална површина за градење од 300,00 м2, вкупно изградена површина од 300,00 м2, максимална височина од 6,00м и максимална катност П,
- **објект 3**-магацин со максимална површина за градење од 300,00 м2, вкупно изградена површина од 300,00 м2, максимална височина од 6,00м и максимална катност П,
- **објект 4**-трафостаница со максимална површина за градење од 25,00 м2, вкупно изградена површина од 25,00 м2, максимална височина од 4,00м и максимална катност П,

- Вкупната максимална површина за градба е е 1047,75м2,вкупната изградена површина е 1256,13м2,вкупниот процент на изграденост за градежна парцела е 32,41% и коефициент на искористеност од 0,39.

За градбите со поединечна класа на намена Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија предвидени се и компатабилни класи на намена на основната класа на намена, согласно член 82 став 4 од Правилникот за урбанистичко планирање и (Сл. весник на РСМ 225/20, 219/21 104/22,99/23, 07/25 , 143/25 и 241/25)тоа:Б1.1-Продавници за мали прибори,опрема,делови и потреби за домаќинство, Б4.1-Деловни згради со канцеларии,Г4.1-Затворени складишта-магацини, со најмногу 40% од основната класа на намена.

Како пристапен пат за ГП 1 ќе се користи постојната асфалтирана улица.Потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во рамките на опфатот. Согласно член 134,став 1 од Правилникот за урбанистичко планирање(Сл. весник на РСМ 225/20, 219/21 104/22,99/23, 07/25 , 143/25 и 241/25) за градбите со група на класа на намена Г-производство,рударство,енергетика и индустрија,потребниот број на паркинг места се утврдува во процесот на донесување или спроведување на урбанистички план,во зависност од конкретната намена на градбата,начинот на производсто,бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизација на производниот процес,оддалеченост на живеењето на вработените,постоење на јавен превоз на вработените,водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај-

службен,индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната класа на намена на градбата-да се обезбедат во рамки на градежната парцела,а во конкретниот случај потребно е вкупно 10 паркинг места за леки возила и 3 паркинг места за камиони-вкупно 13.
При реализација задолжително да се обезбеди Водостопанска согласност од надлежното министерство.

Процентот на озеленетост да изнесува најмалку 20% од градежната парцела согласно Законот за урбано зеленило(“Сл.Весник на РМ бр11/18),член 20 и Правилникот за за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ 225/20, 219/21 104/22,99/23, 07/25 , 143/25 и 241/25)член 17,во конкретниот случај процентот на озленетост изнесува 24%.

4.2. Наменска употреба на земјиштето во границите на проектниот опфат

Во овој УП е планирана следната наменска употреба на земјиштето:

Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

4.3. Други детални услови

При изработка на проектна документација за секоја градба да се почитуваат следните услови:

- да се применат асеизмички конструктивни системи, отпорни на пожар;
- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;
- да се применат квалитетни естетски материјали за завршна обработка на градбата.

5. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

5.1 Мерки за заштита на културното наследство, конзерваторски основи

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во урбанистичкот проект се врши според заштитно-конзерваторски основи согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство(„Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 3/25) и Правилникот за содржина и методологија за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Сл. весник на РМ бр: 111/05).
Во рамките на проектниот опфат не постои регистрирано, ниту пак евидентирано културно наследство. Но доколку при реализација на овој УП се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство(„Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 3/25), односно веднаш да запре со отпочнатите градежни

активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Планираната градежна парцела се наоѓа во III д заштитна зона(урбани опфати надвор од градот и надвор од селата.

Забранети активности во заштитната зона III-д:

• интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат;
• изградба објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 40%;
• реконструкција на легално изградените станбени објекти во постојниот габарит;
• други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Надвор од градските подрачја (надвор од опфат на ГУП), со исклучок на крајбрежниот појас, во согласност со насоките и критериумите утврдени во Просторниот план на Охридско- преспанскиот Регион, може да се планираат:

- инфраструктурни градби (првенствено со користење на постојните траси и коридори за да се заштитат шумите и земјоделското земјиште, односно уништувањето на интегритетот на природните структури создадени од човекот со задолжително изработувањеа Стратегија за оцена на влијанието врз културното наследство);
- активности кои ќе ги подобрат условите за живеење и стопанисување преку ревитализација на руралните населби преку принципот на интегрален развој и потребите на селскиот и екотуризам (во согласност мерките на заштита и со претходна согласност од надлежните институции);
- реконструкција на легално изградени станбени објекти во постојниот габарит.

При градењето надвор од градските подрачја не се дозволува:

- формирање нови населби на неизграден простор (простор кој ја опфаќа заштитната зона 2- б во делот за природно наследство);
- зафаќање на крајбрежниот појас од Охридското Езеро;
- користење на квалитетно земјоделско земјиште со негова пренамена во градежно земјиште за градење со пренамена;
- На планинските и водените површини активностите ќе се одвиваат исклучиво во функција на ограничено и контролирано економско искористување на природните ресурси (шумарство, лов, рекреација и екотуризам).
- Генерално гледано, мерките за заштита во крајбрежјето на Охридското

Езеро ќе обезбедат трајно зачувување на природните и на културните вредности и ќе спречат значајни промени на тие вредности преку следните активности:

- зачувување на природниот амбиент и спречување пренамена и заземање на овие простори за градежни активности кои би го нарушиле крајбрежниот пејзаж;
- спречување на градежното зафаќање на релјефни возвишенија, доминантни места каде со изградбата на објекти ќе се наруши крајбрежниот пејзаж; погледите од панорамските видиковци во голема мера го подобруваат разбирањето на карактерот, поставеноста и општиот изглед на доброто;
- изградба на објекти надвор од границите на градските подрачја ќе биде со контролиран габарит; при обликувањето на градбите ќе се користат материјали и бои приспособени на
- природните обележја на околниот простор и традиционалната архитектура;
- штитење на значајните визури од градење на големи градби;
- планирање на трасите од инфраструктурата (патишта и сл.) ќе биде долж природната релјефна морфологија на теренот, а доколку се потребни поголеми морфолошки промени (насипи, засеци и сл.) се препорачува градежните елеменети да бидат одвоени од теренот за да се обезбеди целовитост и споеност со пределот;
- типологијата, габаритот и висината за изградба на угостителско-туристички како и објекти за одмор и рекреација надвор од населените места ќе се одредуваат врз основа на анализа на визуелната поставеност и вклопеност во постојното природно опкружување.

5.2 Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина како превентива има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од “пасивниот” пристап (со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите и давачите на услуги, општеството во целост како основна причина за натрупување на нерешените проблеми и загадување на животната средина), превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.
Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со Законот за животната средина(„Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22, 171/22 и 3/25). Проектните решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на градбите произлегуваат и од факторот - заштита и унапредување на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој. Заштитата на животната средина е императив на овој проект.
На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина (воздух, вода, почва), на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите на закон за животна средина се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.
Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за животната средина и посебните закони, од:

- вршењето различни дејности;
- загадувачките супстанци и технологии;
- отпадот;
- бучавата и вибрациите;
- јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).
Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.
Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.
За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- изградба на современа инфраструктура;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во регионалната санитарна депонија.
- озеленување на дворните површини со високо и ниско зеленило кои значително ќе придонесе за микроклимата на овој дел
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

При преземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат тука.
Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

5.2.1 Мерки за заштита на водата

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации, се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Инфраструктурните водови треба да бидат поставени во согласност со постојните технички нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи. Согласно планираната класа на намена во рамките на проектниот опфат ќе се превземат сите заштитни мерки за не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.

5.2.2 Мерки за заштита на почвата

Согласно планираната класа на намена во рамките на проектниот опфат да се превземат сите заштитни мерки за не дојде до загадување на почвата од отпадни води, пестициди, тешки метали и сл. во текот на градбата.

5.2.3 Управување со отпад

Со овој УП се предвидува избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад и неговото негативно влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управувањето со отпадот, се предвидува истиот организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во регионалната санитарна депонија ″Русино″.
Согласно член 7 од Законот за управување со отпад(„Службен весник на Република Северна Македонија" број 216/21), создавачите на отпад се должни во најголема мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Доколку општината отпочне со управување со отпадот ќе се примени претходна селекција за понатаму отпадот да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

5.2.4 Мерки за заштита од бучава

Со оглед на планираните намени во рамките на проектниот опфат на УП от не се потребни дополнителни мерки за заштита од бучава.

5.3 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за одбрана(„Службен весник на Република Македонија“ број 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“број 42/20), Законот за заштита и спасување(„Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21), Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19) и Законот за управување со кризи(„Службен весник на Република Македонија“ број 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21) , задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се оснивани. Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во проектите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр; 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи.

Урбанистичко-технички мерки се:

-засолнување
-заштита и спасување од поплави
-заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
-заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
-заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
-спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

-евакуација
-згрижување на загрозеното и настраданото население
-радиолошка, хемиска и биолошка заштита
-прва медицинска помош
-заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
-заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
-асанација на теренот.

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување(„Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21) , Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за

складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и

3) при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
3) изградба нан снегозаштитни појаси и пошумување на голините
4) Обезбедување на противпожарни пречки
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на проектните решенија на УП за се што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандарди и нормативи утврдени со Законот за заштита и спасување(„Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21). Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Сл.весник на РМ бр.117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл.весник на РМ бр.76/06) и Уредбите за споведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Сл.весник на РМ бр.98/05).

5.3.1 Засолнување

Согласно критериумите од член 62 од Законот за заштита и спасување засолнувањето опфаќа, планирање, изградба, одржување и користење на јавни засолништа. Потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на објектот и новопроектираната корисна површина, а степенот на заштита се определува според утврдениот потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. Весник на РМ бр.105/05);

Јавните засолништа се планираат согласно Програмата на Владата за мерките за заштита и спасување, а истите се вградуваат во урбанистичките планови.

5.3.2 Мерки за заштита и спасување од поплави

